Врз основа на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 199/14,44/2015, 93/15, 31/16, 163/16 ,64/18 и 168/18), Градоначалникот на Општина Кочани, распишува

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за доставување иницијативи за изработка на урбанистички планови од страна на заинтересирани физички и правни лица**

Се известуваат граѓаните на Општина Кочани дека се објавува **јавен повик за доставување на иницијативи за изработка на урбанистички планови од страна на заинтересирани физички и правни лица.**

Јавниот повик ќе трае најмалку 30 дена , односно во периодот од **31.08.2019 година до 01.10.2019 година.**

Секое заинтересирано правно и физичко лице во текот на јавниот повик може да достави Иницијатива за изработка и донесување на детален урбанистички план, урбанистички план за село и урбанистички план вон населено место, преку информацискиот систем е-урбанизам, или во писмена форма преку архивата на Општина Кочани.

Предмет на иницијативата може да биде донесување на нов урбанистички план или изменување и дополнување на постоечки урбанистички план.

За доставените иницијативи подносителите ќе бидат известени во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам, или во писмена форма.

Средствата за изготвување на потребната документација за прифатените иницијативи треба да ги обезбедат подносителите на иницијативите.

Бр. 22-1696/2
09.08.2019 год.
Кочани

**Општина Кочани**
**Градоначалник,**
**Николчо Илијев**